Бул. 8 Септември бр.2, Лок.1, 1000 Скопје, Р. Македонија
тел: 02/3179 001; факс: 02/3177 130
e-mail: lab@avicenalab.com.mk; www.avicenalab.com.mk

# ПОЛИТИКА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО ПЗУ АВИЦЕНА ЛАБОРАТОРИЈА

Заштитата на личните податоци ПЗУ АВИЦЕНА ЛАБОРАТОРИЈА ја обезбедува за своите пациенти, соработници, вработените и сите други субјекти (физички лица на кои се однесуваат обработените податоци), чии лични податоци по било кој основ (согласност, договор и др.) на било кој начин се обработуваат во ПЗУ АВИЦЕНА ЛАБОРАТОРИЈА.

Одредени изрази кои се употребени во оваа Политика, а се поврзани со заштитата на личните податоци, го имаат истото значење како изразите кои се пропишани со Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/2005, 103/2008, 124/2008, 124/2010, 135/2011, 43/2014, 153/2015 и 99/2016).

1. Личните податоци во ПЗУ АВИЦЕНА ЛАБОРАТОРИЈА се обработуваат исклучиво во согласност со моментално важечките законски и подзаконски прописи од областа на заштитата на личните податоци, како и законската и подзаконската регулатива од областа на здравствената заштита и уредување на работата на здравствените установи.

2. Заштитата на личните податоци се гарантира на секое физичко лице без дискриминација заснована врз неговата националност, раса, боја на кожата, верски уверувања, етничка припадност, пол, јазик, политички или други верувања, материјална положба, потекло по раѓање, образование, социјално потекло, државјанство, место или вид на престој, сексуална определба или кои било други лични карактеристики.

3. Личните податоци се собираат, употребуваат и чуваат за конкретни, јасни и со закон утврдени цели и се обработуваат на начин што е во согласност со тие цели. Личните податоци на субјектите се чуваат во форма што овозможува идентификација на субјектот на лични податоци, не подолго од што е потребно да се исполнат целите поради кои податоците се собрани за натамошна обработка.

4. ПЗУ АВИЦЕНА ЛАБОРАТОРИЈА обезбедува целосна доверливост, интегритет и заштита на личните податоци на субјектите. Нашата Лабораторија ги превзема сите нужни организациски, административно, технички и физички мерки за заштита на личните податоци кои се обработуваат и истите во секое време ги штити од случајно или незаконско уништување, губење, преправање, неовластено откривање или пристап како и од било какви незаконски облици на обработка.

5. Личните податоци кои ПЗУ АВИЦЕНА ЛАБОРАТОРИЈА ги прибира ќе бидат соодветни, релевантни и не преобемни во однос на целите заради кои се собираат и обработуваат.

6. Сите вработени во ПЗУ АВИЦЕНА ЛАБОРАТОРИЈА се должни во согласност со законската и подзаконската регулатива, како и со внатрешните акти, да се грижат за заштитата на личните податоци. Вработените во ПЗУ АВИЦЕНА ЛАБОРАТОРИЈА се должни да го пријават секој случај на повреда на заштитата на личните податоци до непосредните раководители.

Бул. 8 Септември бр.2, Лок.1, 1000 Скопје, Р. Македонија
тел: 02/3179 001; факс: 02/3177 130
e-mail: lab@avicenalab.com.mk; www.avicenalab.com.mk

7. АВИЦЕНА ЛАБОРАТОРИЈА нема да ги направи достапни личните податоци кои се обработуваат пред трета страна, освен во случај каде што тоа е законски пропишано, со цел да ги искористи своите права или да ги заштити своите интереси или да постапи по судски барања/наредби или барања/наредби од страна на други овластени со закон државни органи и институции или Дирекцијата за заштита на личните податоци.

8. Секој субјект на лични податоци има право да поднесе Барање за пристап и исправка на своите лични податоци кои ПЗУ АВИЦЕНА ЛАБОРАТОРИЈА ги обработува.

9. Личните податоци кои се прибираат преку web страната www.avicenalab.com.mk, ПЗУ АВИЦЕНА ЛАБОРАТОРИЈА ги обработува во согласност со одредбите утврдени погоре во оваа политика.

За било какви прашања што се однесуваат на заштитата на личните податоци, субјектите се овластени во секое време да не контактираат на lab@avicenalab.com.mk.

Доколку има некои промени во нашата политика за заштита на личните податоци, тие ќе бидат соодветно инкорпорирани во овој документ и објавени на видно место за сите субјекти.

Со почит,
ПЗУ АВИЦЕНА ЛАБОРАТОРИЈА